СѢ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ИЗБОРИТЕ

CIVIL

германска соработка
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Botschaft
der Bundesrepublik Deutschland
Skopje

СѢ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ИЗБОРИТЕ

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗБОРИТЕ, ИЗБОРНИТЕ НЕРЕГУЛАРНОСТИ И ДРУГИ ВАЖНИ АСПЕКТИ НА ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ

СОДРЖИНА

3 Вовед

4 Што е изборен материјал?

5 Што треба да знаеме за гласачкото ливче?

6 Сѐ што треба да знаете за Избирачкиот список

8 Што е изборна администрација

10 Што е изборна кампања

11 Кои се ингеренциите на Претседателот на Републиката

12 Што е изборен молк

13 Што е злоупотреба на службена положба за време на избори?

15 Што е злоупотреба на јавни ресурси за изборни цели?

17 Закани и притисоци

18 Поткупот на гласачите го плаќаат самите гласачи

19 Каква е одговорноста на медиумите во изборите

21 ДИК објави програма за едукација и информирање на гласачите

23 Вредности, мисија, визија, кодекс на ЦИВИЛ

ЦИВИЛ - Центар за слобода
Скопје, април 2019 година

ИМПРЕСУМ

Издава: ЦИВИЛ - Центар за слобода
За Издавачот: Џабир М. Дерала
Оваа публикација ја подготвија Координативниот тим на ЦИВИЛ - Центар за слобода и Редакцијата ЦИВИЛ Медиа
Уредник: Игор К. Илиевски
Редакција: Биљана Јордановска, Маја Ивановска, Диана Тахири, Ангела Петровска, Дехран Муратов, Џабир М. Дерала
Графичка обработка: Ариан Мехмети
Тираж: 200 примероци

Наодите и ставовите изнесени во оваа публикација се само на авторките и авторите и не нужно ги рефлектираат оние на донаторот.

Контакти: +389 2 520 91 76 | civil@civil.org.mk
Медиумска платформа на ЦИВИЛ:
www.civilmedia.mk, www.drejt.mk, www.civil.today, www.civil.org.mk

Сите права се задржани.

ISBN-10 608-4815-25-1
ISBN-13 978-608-4815-25-9
EAN 9786084815259

Вовед

Со цел да придонесе кон јакнење на јавната свест за правото на глас, како и за нерегуларностите во изборните процеси, ЦИВИЛ објави серија едукативни текстови за различни аспекти на изборните процеси. Оваа публикација е избор од тие текстови и претставува продолжение на оваа иницијатива на тимот на ЦИВИЛ.

Се надеваме дека со оваа публикација ќе придонесеме кон граѓанската едукација за правото на глас и изборните процеси воопшто, а посебно ја препорачуваме за сите соработнички и соработници, членови, поддржувачи, граѓански новинар(к)и и набљудувачи на ЦИВИЛ.

Воедно потсетуваме:

Граѓанките и граѓаните што имаат информации за кршење на правото на глас, злоупотреби, притисоци и други нерегуларности во текот на изборниот процес, можат да пријавуваат на веб страницата www.slobodniizbori.info или да контактираат со ЦИВИЛ на monitoring.civil@gmail.com, во инбокс на www.facebook.com/civil.mk или да се јават на 02 / 520 91 76.

Ви посакуваме успешна работа и слободни избори!

Редакција ЦИВИЛ Медиа

Што е изборен материјал?

Во изборниот материјал за спроведување на изборите спаѓа: кутии за гласање и паравани, обрасци на записници и дневник за работа на избирачкиот одбор, блок со гласачки ливчиња според изводот од Избирачкиот список, листи на кандидати, потпишан извод од Избирачкиот список, средства за обележување на лицата кои гласале (спреј и УВ ламба), графитно перниче, печати, упатство за гласање и друг материјал потребен за гласање.

Според правилата од Изборниот законик, упатството за гласање се истакнува на видно место на гласачкиот параван и на други видни места на гласачките места во согласност со Упатството издадено од Државната изборна комисија. Упатството е печатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазиците и писмата на заедниците наведени во Преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Изборниот материјал го предава Државната изборна комисија на општинските изборни комисии, најдоцна од 72 часа пред денот определен за одржување на изборите. Изборниот материјал за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) го предава на овластено лице во Министерството за надворешни работи, најдоцна пет дена пред денот на одржување на изборите.

Според Изборниот законик, при предавањето на изборниот материјал се составува записник во кој треба посебно да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и потребниот број листи на кандидати што се истакнуваат во просториите за гласање, како и друг материјал потребен за гласање. Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор и членот на општинската изборна комисија кој го предава материјалот. Ако присутните претставници на подносителите на листи имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, тие имаат право да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тоа да биде основа во постапката за заштита на избирачкото право. При предавање на изборниот материјал право на присуство имаат и овластените набљудувачи.

А. Петровска

Што треба да знаеме за гласачкото ливче?

Гласачкото ливче ја има најважната улога во изборниот материјал. Тоа им овозможува на граѓаните да го исполнат своето право на глас и слободно да одберат. Гласачкото ливче има пет варијанти од кои: на македонски јазик, на македонски и албански јазик, македонски и турски јазик, македонски, ромски и албански јазик, македонски, албански и српски јазик, во зависност од општините во кои живеат граѓани од различни етнички заедници. Покрај тоа, се користи шаблон со Брајова азбука за лицата со оштетен вид.

На гласачкото ливче има реден број, име и презиме на кандидатот кој го предложува кандидатот и партиски симбол доколку кандидатот е предложен од партија. На позадината на ливчето има гиош елемент кој не може да се копира или скенира.

Гласачкото ливче има видливи и невидливи елементи, кои служат за заштита. Има влакна во две бои - кои се видливи и две влакна кои се различни и невидливи, видливи се само со УВ ламба. Компанијата која ги печати гласачките ливчиња предложува еден елемент кој е таен и невидлив, а исто така и претседателот на Комисијата предложува еден, кој само тој го знае.

За еден гласач има по едно гласачко ливче. На кочанот на гласачките ливчиња има нумерација, знаме, општини и избирачко место. При предавањето на изборниот материјал се составува записник во кој треба посебно да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и потребниот број листи на кандидати што се истакнуваат во просториите за гласање, како и друг материјал потребен за гласање.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор и членот на општинската изборна комисија кој го предава материјалот. Ако присутните претставници на подносителите на листи имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, тие имаат право да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.

При предавање на изборниот материјал право на присуство имаат и овластените набљудувачи.

А. Петровска

Сѐ што треба да знаете за Избирачкиот список

Изборните процеси во Република Северна Македонија редовно се исполнети со низа нерегуларности што многу често се должи и на Избирачкиот список. Тоа е регистар по кој се води Државната изборна комисија (ДИК), а на изборниот ден тоа е документот што одредува кој има право на глас. ДИК е единствено надлежна за ажурирање на Избирачкиот список.

Избирачкиот список во Изборниот законик е дефиниран како јавна исправа што се води за целата територија на државата, врз чија основа се спроведуваат изборите и референдумите на државно и локално ниво. Тој се води според Регистарот на државјаните, во вид на регистар на избирачи, со автоматска обработка на податоците. Тоа подразбира дека ажурирањето на Избирачкиот список ДИК го врши во соработка со другите надлежни органи како Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и јавна администрација, судските органи и други кои располагаат со регистри по различни основи.

Избирачкиот список содржи податоци на граѓаните и граѓаните што покажуваат дека наполниле 18 години живот, имаат деловна способност, постојано престојувалиште во местото каде што се врши изборот - изборната единица, општината или Град Скопје. Што се однесува до државјаните што на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство, а се запишани во Избирачкиот список врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријавата за гласање, тие имаат право на глас за избор на претседател на државата и избор на пратеници во Собранието во дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларни канцеларии.

ДИК врши запишување, дополнување и бришење на податоците во Избирачкиот список, најчесто додека трае јавниот увид во Списокот, иако според Изборниот закон имаат право да вршат проверка на податоците во текот на целата година. Во принцип, граѓаните сами се пријавуваат во некои од подрачните одделенија и канцеларии на ДИК.

За гласачите е битно да знаат дека, според Изборниот законик, ДИК е надлежна да ги заштити податоците од Избирачкиот список, кои не

смеат да се употребуваат за ниедна друга цел, освен за остварување на гласачкото право на граѓаните. Законот предвидува регистрираните политички партии, коалициите и независните кандидати, односно овластените претставници и нивните заменици на подносителите на листа на кандидати, да не можат да ги користат избирачките списоци на денот на изборите за евидентирање на лицата кои гласале.

Токму овој дел од Изборниот законик најчесто и се прекршува на денот на гласањето. Според искуството на ЦИВИЛ, во просек, секој трети набљудувач пријавува евиденција на гласачи од активисти или набљудувачи на политичките партии, внатре во гласачкото место или пак надвор од него. Не се ретки ни случаите, акредитирани набљудувачи од невладини организации да им „помагаат“ на партиите во евидентирањето на гласачите.

Како и да е, најсериозните проблеми со Избирачкиот список се случуваат многу порано, токму во времето додека трае јавниот увид. Тогаш, најголемиот дел од пријавите на граѓаните се однесуваат на таканаречените фантомски гласачи.

Фантомски гласачи, наједноставно кажано, се имиња и презимиња на луѓе што не постојат, никогаш не постоеле или ако постојат не се знае каде се, а се запишани на адресата на живеење на постојан гласач.

Надлежните институции ги објаснуваат фантомите како системска грешка, грешка на самите граѓани што не се одјавиле од претходното место на живеење, намерна манипулација со Избирачкиот список од претходната власт или, пак, поради грешки на други институции што до ДИК доставиле погрешни податоци, во случајов, МВР. Поточно, ДИК во повеќе наврати ја истакна одговорноста на МВР за грешките во Избирачкиот список.

Но, дури и да е така, граѓаните се соочуваат со нефункционалната администрација во случаите кога сакаат да се „ослободат“ од „фантомите“ на нивните адреси. ДИК, иако е надлежна за ажурирање на Избирачкиот список, има ингеренции само за личните податоци на гласачите, но не и на други лица што можеби живеат на иста адреса со гласачот кој пријавува, а можеби и не.

Поради тоа, гласачите најголемиот проблем во заштитата на гласачкото право го имаат уште на старт, со Избирачкиот список, кога се принудени самите да ги решаваат грешките на институциите или на системот, притоа често ризикувајќи самите да бидат избришани. По „грешка“.

Б. Јордановска

Што е изборна администрација?

Секогаш кога зборуваме за нерегуларностите во изборните процеси, прва на листата на спроведувачи на изборите е изборната администрација.

По дефиниција, изборната администрација ја сочинуваат вработените во стручната служба на Државната изборна комисија (ДИК), членовите на изборните органи, секретарите на општинските изборни комисии (ОИК), нивните заменици и други лица, времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на ДИК. Тоа се луѓето одговорни за тоа како и колку успешно ќе се спроведат изборите и како и колку во самиот процес ќе се почитуваат законските одредби, особено во заштита на гласачкото право.

Со стручната служба на ДИК раководи генерален секретар кој е надлежен за сите вработени во неа, со статус на државни службеници.

Изборните органи се надлежни за спроведување на изборните дејствија на самиот ден на гласање. Секој од изборните органи има свој претседател, членови и нивни заменици.

Општинските изборни комисии имаат надлежности во општината во која се формирани, односно Град Скопје, кога станува збор за локални избори. Тие се надлежни за спроведување на изборните дејствија во изборните единици и избирачките места онака како што се определени со Изборниот законик.

Претседателите, замениците и членовите на ОИК се избираат од вработените во државната, општинската и администрацијата на градот Скопје, со високо образование, по случаен избор, за време од пет години. Нивни надлежности, меѓу другото, се и именување на составот на избирачките одбори (ИО), разрешување на членовите на ИО во случај на нивно противзаконско работење пред денот на изборите и на денот на изборите, издаваат упатство за работење на избирачките одбори и се надлежни за нивната едукација.

Понатаму, ОИК ја контролираат законитоста на работењето на избирачките одбори и интервенираат во случаите кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, кандидирањето и

спроведувањето и утврдувањето на резултатите на изборите, како и на упатствата и препораките дадени од неа. Една од важните функции на ОИК е да ги информираат гласачите за местото на гласање. Значи, доколку граѓаните и граѓаните не се сигурни каде гласаат, како и за други прашања поврзани со изборниот процес и нивното гласачко право, можат да се обратат во ОИК.

ОИК се надлежни и за приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори, ги сумираат резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои се надлежни, составуваат записници и ги предаваат на ДИК.

Избирачките одбори се составени од претседател и четири члена. Дел од членовите се бираат од државната администрација по случаен избор, а по еден член и негов заменик именуваат политичките партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Важно е да се напомене дека лицето избрано за член на изборниот орган има право да не прифати да ја извршува таа должност во случај на болест или од семејни причини. Нивната работа на денот на гласањето се дели во две смени за да можат да го остварат и своето гласачко право.

Задачите на избирачките одбори се состојат од непосредно спроведување на гласањето на гласачкото место, обезбедуваат правилност и тајност на гласањето, обезбедуваат слободно и мирно одржување на гласањето, го утврдуваат и сумираат резултатот од гласањето на гласачкото место, а резултатите од гласањето ги објавуваат на самото место каде што се спроведувало гласањето.

Но, оваа формалност, со описот и надлежностите на изборната администрација, подразбира и флуидна соработка меѓу сите нејзини органи од врвот, односно ДИК, до секој поединечен член на изборачките одбори.

И самиот претседател на ДИК, Оливер Деркоски, во интервју за „ЦИВИЛ Медиа“, изјави дека најслабата карика на изборната администрација се токму избирачките одбори. Новина за претседателските избори 2019 е поинаков едукативен пристап на членовите на ИО, но и користење на технолошки алатки што ќе ги применуваат избирачките одбори, со што ќе се забрза процесот на објавување на прелиминарните резултати од гласањето.

Б. Јордановска

Што е изборна кампања?

Во појмовникот на Изборниот законик, Член 2, пишува: „Изборна кампања е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори“.

Понатаму, во член 69-а, Законикот подетално ја дефинира кампањата како:

„Јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми“.

Кампањата, според законот, почнува 20 дена пред првиот круг на гласањето, што за претседателските избори значи – од 1 април. Понатаму, во казнениот дел, законот предвидува глоби за најразлични прекршувања на одредбите за кампањата.

Тогаш, зошто тројцата претседателски кандидати – Гордана Силјановска Давкова, Стево Пендаровски и Блерим Река веќе на почетокот на март ги почнаа и секојдневно ги водат своите кампањи?

Па, затоа што, според истиот закон, ова сеуште не беа кампањи.

Клучниот збор во дефинициите на кампањата е претставување на „потврдените“ кандидати. А, нашите тројца учесници во кампања имаа рок до 21 март да ја потврдат својата кандидатура во Државната изборна комисија. Дотогаш, како што и самата ДИК признава, но веројатно и до формалниот почеток на предизборната кампања, нивните кампањи се „партиски средби“.

И. К. Илиевски

Кои се ингеренциите на Претседателот?

Врховен командант, преку министерот за одбрана, законодавец преку Собранието, назначувач на амбасадори по предлог на Владата, потписник на меѓународни договори по референдумска или одлука на Собранието. Тоа се основните функции на претседателот на државата, дефинирани во Уставот и во законите.

Самостојно, претседателот може да помилува, да одликува, да испрати специјален пратеник и да назначи директор на Агенцијата за разузнавање и тројца членови на Советот за безбедност, со кој претседава. Може да прогласи воена и вонредна состојба, ако Собранието не може да се состане, но кога ќе може, мора да ја потврди неговата одлука. Може, по предлог на министерот за култура, и да прогласи национален уметник.

„Претседателот ја претставува Републиката. Претседателот е врховен командант на вооружените сили“, стои во Уставот. „Претседателот го изразува државното единство и ја претставува земјата на меѓународната политичка сцена“, стои на интернет страницата на шефот на државата.

Претседателот, формално, му го доделува мандатот на мандатарот за состав на Владата, со указ ги поставува и отповикува амбасадорите и пратениците на државата во странство, генералите и началникот на Генералштабот на АРМ, ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници.

Формално, претседателот ги потпишува и указите за прогласување на законите. Но, како и најголемиот дел други ингеренции, и оваа е повеќе формална – ако одлучи да не го потпише указот, должен е да го потпише ако Собранието повторно го изгласа законот. За закони донесени со двотретинско мнозинство, претседателот нема право да не го потпише указот.

„Во рамки на надлежностите на Претседателот на Републиката е и да предлага двајца судии на Уставниот, двајца членови на Судскиот, а предлага и двајца членови на Советот за радиодифузија. Претседателот го предлага и гувернерот на Народна банка, кој потоа го именува Собранието“, се наведува на интернет страницата на претседателот.

Претседателот на Републиката ужива имунитет, а по престанокот на функцијата, тој и неговото семејство уживаат и посебни права.

И. К. Илиевски

Што е изборен молк?

Изборниот молк стапува на сила ден пред гласање (сабота), односно на полноќ меѓу петок и сабота, кога завршува изборната кампања. Молкот трае до 19 часот на денот кога се гласа (недела). Тоа подразбира дека ширење на пропаганда, партиско агитирање, поткуп на гласачи, водење кампања и други прекршувања на Изборниот законик се строго забранети. Референдумскиот молк трае 24 часа подолго.

Во текот на денот на изборниот молк (сабота), гласаат лицата во казнено-поправните установи и притворите, внатрешно раселените лица и болните и немоќните.

За време на изборниот молк се известува за изборите и текот на гласањето, но престануваат сите облици на изборно медиумско претставување.

Според Изборниот законик, за прекршување на изборниот молк се смета емитување на какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои што го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето, како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

Д. Муратов

Што е злоупотреба на службена положба за време на избори?

Злоупотреба на службената е секоја постапка на функционерите и службените лица со која ги искористуваат своите овластувања, ги пречекоруваат или не ја вршат својата службена должност за да добијат некаква корист. Без оглед на тоа дали се работи за изборен контекст или не, злоупотребата на службената положба е строго казниво дело, регулирано со Кривичниот законик.

Така, во Член 353 од Кривичниот законик, првиот член во Глава 13 - Кривични дела против службената должност пишува: „Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.“

Во изборен контекст, злоупотребата на службената положба, подразбира искористување на положбата на службеното лице за изборни цели. На ваквите злоупотреби се однесува уште едно поглавје во Кривичниот законик, Глава 16 – Кривични дела против изборите и гласањето.

Злоупотребата на службената положба најчесто се однесува на вршење притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација, во други институции или установи кои се финансирани од буџетот на државата, буџетите на општините, како и во трговски друштва и претпријатија со државен капитал.

Исто така, злоупотребата на службената должност за изборни цели се поврзува со закани кон вработени лица, но и кон граѓани, во однос на нивното вработување и социјална сигурност, како резултат на нивното поддржување или неподдржување на одредена политичка партија или кандидат.

Политичките партии и кандидати учесници во изборните процеси во земјата се обврзани да потпишат Кодекс за фер и демократски избори со кој и јавно, недвосмислено се обврзуваат дека нема да вршат никакви притисоци.

Злоупотребата на службената должност може да се однесува и на службени лица кои учествуваат во изборна кампања во службена униформа, за што, на пример, Изборниот законик предвидува глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност.

М. Ивановска

Што е злоупотреба на јавни ресурси за изборни цели?

Злоупотребата на јавните ресурси е секоја злоупотреба на средства и добра во сопственост на државата за изборни цели. Изборниот законик е дециден дека од денот на донесување на одлука за распишување на изборите, до нивното завршување, не може да се располага со буџетските средства на Република Северна Македонија, средства на буџетите на општините и градот Скопје, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, канализација, градинки, училишта, спортски игралишта и слично. Односно, не може да се започне изградба.

Ова не се однесува на проекти за кои претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.

Тука, всушност, и се создава најголемата забуна и измама, бидејќи, најчесто, според досегашното искуство, овие проекти, што се предвидени во програмите, за кои се одобрени средства во тековната година, се темпираат така што нивната реализација се случува за време на предизборниот период, а им служи на властите да прикажат дека го остваруваат ветеното пред граѓаните.

Исто така, во наведениот период, од распишувањето на изборите до нивното завршување, не смеат да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови, кои не се редовни месечни исплати. Забранети се и отуѓувањето на државниот капитал и потпишувањето колективни договори.

Во периодот од 20 дена пред отпочнување на изборната кампања, па се до нејзиното завршување, не може да се исплаќаат субвенции, кои не се редовни месечни исплати.

Исто така, според Изборниот законик, во овој период не може да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од буџетот, при тоа, имајќи предвид дека под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира давање изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

Во дадениот период, Министерството за финансии е задолжено сите буџетски исплати, со исклучок на редовните плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет страна во посебна база за буџетски трошоци во изборен период. Министерството за финансии, исто така, две недели по распишувањето на изборите е должно да поднесува предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од буџетот, поделени по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот, кој се објавува на веб страницата на министерството.

За време на предизборниот период и изборниот ден, за потребите на изборната кампања е забрането користење на канцелариски простор, опрема и службени возила на државните органи, освен лицата на кои се однесуваат посебните прописи за заштита на личноста, како државните функционери на кои со овие прописи им следува лично обезбедување.

За постапување спротивно на одредбите на членовите од Изборниот законик кои се однесуваат на овие прашања, од страна на член на Влада, заменик министер или функционер кој раководи со орган, е предвидена глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност

М. Ивановска

Закани и притисоци

Изборните процеси во земјава секогаш, по дефиниција, на површина ги исфрлаат сите дефекти на институциите, општеството и државата. Меѓу нив, без исклучок, секогаш и секаде, се политичките закани и притисоци, преку поделби, страв и заплашување, некогаш бесрамно, а некогаш малку посуптилно.

Политичките закани и притисоци по дефиниција се системска злоупотреба и притисок врз политичка основа чија цел е да се контролира гласачкото тело. Па според тоа, неретко во себе го содржат и елементот на злоупотреба на службената должност. Или, попрецизно, се подвид на оваа категорија. Најчести жртви на заканите и политичките притисоци се граѓанките и граѓаните вработени во јавниот сектор, но не е исклучен ниту приватниот.

Овие притисоци воопшто не се непознати за нашето општество, и се особено интензивирани во пресрет на изборните процеси. СМС пораки за мобилизација, списоци со „сигурни гласачи", отпуштања, казни се само дел од низата злоупотреби преку кои се врши директна систематска политичка пропаганда.

Во минатите години ЦИВИЛ, како организација која спроведува интензивен и сеопфатен мониторинг на изборните процеси во земјата, бележи голем број на закани и политички притисоци врз вработените во општините, основните и средните училишта, детските градинки, комуналните и јавните претпријатија.

Но, вработените во јавниот сектор не се единствените жртви на политичкиот притисок, туку на вакви притисоци се изложени и работниците во приватниот сектор, социјално ранливите категории, како и самите сопственици на приватни фирми, најчесто преку Управата за јавни приходи. Оние похрабрите, политички неподобни или непослушни, најчесто на крајот се соочуваат со казни и отпуштања од работа, непродолжување на договорите за работа, намалување на платата…

Секој обид за закана или политички притисок за време на изборните процеси мора да биде пријавен и соодветно санкциониран, само така граѓанките и граѓаните ќе се охрабрат да го остварат своето право сами да носат политички одлуки. Само на овој начин во земјата може да се спроведат слободни избори, што е предуслов за владеењето на правната држава.

М. Ивановска

Поткупот на гласачите го плаќаат самите гласачи

„Правото на глас не е привилегија. Тоа е право кое никој не смее да го одземе, ниту да го ограничи или манипулира. Со правото на глас никој нема право да тргува или да ја условува слободната волја на гласачите со услуги, бенефициии, пари, безбедност или со други придобивки, права или забрани…“, пишува во „Моето гласачко право“, едукативна публикација на ЦИВИЛ за јакнење на јавната свест, едукација и мобилизација на граѓан(к)ите за подобрување на изборните процеси што јасно го дефинира изборниот поткуп.

Понатаму во истата публикација, организацијата им се обраќа и директно на гласачите: „Ти никому ништо не должиш. Поткупот што ти го нудат ќе биде повеќекратно наплатен од тебе, од твоето семејство и од твоите сограѓанки и сограѓани!“

Поткупот на гласачите е најчесто насочен кон најранливите категории на граѓанки и граѓани. Сиромашните, оние што зависат од социјална помош, што не можат да си ги платат сметките за струја или вода, што немаат ни за леб… Тие се „најевтините“ гласачи, а поткупот за нивните гласови најчесто е 500 денари по човек. Но, често тој износ се заменува со вреќа брашно, кутија со намирници и средства за хигиена, а неретко и со плаќање сметки.

Најинтензивно, поткупот на гласачи се случува на денот на гласање. Тогаш, гласачкото тело се подложува на закани, уцени, нудење работни места, но и на поткуп. Поткупот го спроведуваат и најобични партиски солдати, но и функционери. Тоа е добро организирана и софистицирана криминална операција што чини многу пари. А, поткупот на гласачите го плаќаат самите гласачи.

Б. Јордановска

Каква е одговорноста на медиумите во изборите?

Вистинито и објективно, избалансирано, правично, рамноправно, чесно и независно, професионално, со коментари јасно одвоени од информациите, толерантно, слободно и одговорно. Ова се клучните зборови во начинот на кој медиумите треба да известуваат за изборите, сумирани од одредбите на Изборниот законик, но и од принципите на Повлебата за етичко известување за изборите на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ).

Делот од Изборниот законик кој го дефинира однесувањето на медиумите во предизборниот процес може да биде закон сам по себе. Цели шест страници од „Глава 6 – Изборна кампања“ се однесуваат на обврските на медиумите во текот на изборната кампања, цела страница од Поимникот ги дефинира облиците на известување во кампањата, а огромен простор им е посветен и во делот на казнените одредби во Законикот.

Изборниот законик на учесниците во изборната кампања им го гарантира правото и во медиумите да имаат рамноправен пристап и под еднакви услови, и им дава можност да побараат судска заштита ако им биде повредено тоа право. Законикот ги обврзува медиумите изборите да ги покриваат „на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин“. Медиумите и нивните вработени не смеат да финансираат или да донираат на политички партии.

„Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања. Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување“ – стои во членот 75-в на Законикот.

За редовните активности на државните органи и јавните претпријатија не смее да се известува како за предизборна кампања, а до крајот на изборите медиумите не смеат да објавуваат реклами платени со буџетски пари.

Платеното политичко рекламирање, пак, мора да биде видливо означено, како и неговиот нарачател. Мора да биде објавено и името на нарачателот, како и основните параметри, и на испитувањата на јавното мислење што ќе бидат објавени во предизборната кампања.

Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување, а малолетници не смеат да учествуваат ниту во платеното политичко рекламирање.

И. К. Илиевски

ДИК ја подобри програмата за едукација и информирање на гласачите

Во пресрет на претседателските избори, на почетокот на март, а поучени од критиките во претходни изборни процеси, Државната изборна комисија (ДИК) одлучи да подготви детална програма за едукација и информирање на гласачите.

Целта на оваа програма е јакнење на свеста и знаењата на граѓаните за изборниот процес. Праксата досега покажала дека, иако ДИК, како надлежна институција за спроведување на изборите има одговорност гласачите да бидат добро информирани и едуцирани, граѓаните секогаш остануваат запоставени, на сметка на едукацијата на изборната администрација.

За жал, праксата покажа и дека континуирано, во секој изборен процес, се соочуваме со недоволно информирана и неедуцирана изборна администрација чие незнаење секогаш резултира со низа изборни нерегуларности.

Едукацијата на граѓаните е стратешки приоритет на ДИК за периодот 2017-2020, со можност за подготовка на нови програми, со употреба на нови техники и методи за едукација на граѓаните и гласачите.

Она што останува како позитивна забелешка е создавање на ваква програма наменета за граѓаните и нивното гласачко право, а не само на задолжителна програма за избирачките одбори, што вообичаено не беа ефикасни.

Интересно во плановите на ДИК е што се предвидува креативна кампања за едукација на гласачите, но со помош на професионална агенција, со пари на ДИК и заинтересирани донатори.

Она за што ДИК, по правило, треба да ги информира граѓаните, а досега тоа не им успеваше, е кој има право на глас, кога и каде се гласа, што е потребно за остварување на гласачкото право, што е забрането

на гласачките места, како се гласа, на кој начин се гласа и како се поднесуваат приговори за заштита на гласачкото право.

Целосната програма предвидува и медиумска кампања, алатки за односи со јавноста и редовно ажурирање на Избирачкиот список.

На крајот, како што стои во програмата, целта е да се добие впечаток дека ДИК се грижи за гласачите и да се врати довербата на граѓаните во оваа институција.

Главните пораки на ДИК се: Државната изборна комисија ги презема сите неопходни дејствија во насока на спроведувањена фер и демократски претседателски избори, секој своето избирачко право може да го искористи во согласност со своите лични убедувања, никој не смее и не може да го злоупотреби избирачкото право, ДИК ќе ги обезбеди принципите на еднаквост, непосредност и тајност, како и регуларност, непристрасност и легалност на претседателските избори.

Останува да се види колку од овие цели на ДИК реално ќе се реализираат, а што од тоа ќе остане само на хартија.

Едукативниот и информативниот дел за гласачите, како и медиумската кампања, според програмата, почнува паралелно со кампањата на кандидатите за претседатели, односно на 1 април.

Б. Јордановска

Визија и мисија на ЦИВИЛ

(Извадок од Статутот на ЦИВИЛ)

ВИЗИЈА И МИСИЈА
Член 1
ЦИВИЛ – Центар за слобода (во понатамошниот текст само ЦИВИЛ) е непрофитно здружение на граѓани, формирано со слободно здружување заради остварување на својата мисија од општествен интерес.
Член 2
Визијата на ЦИВИЛ е за свет во кој сите луѓе живеат во мирно и демократско општество, во кое:
- човековите права и слободи се почитуваат во потполност;
- нема насилството и култот кон оружјето е надминат;
- нема дискриминацијата и шовинизам во било кој облик;
- владее потполна слобода на изразување и медиумите се слободни и независни од влијанието на центрите на моќта;
- институциите се независни и целосно посветени на интересите на граѓанките и граѓаните;
- изборите се фер и демократски, а граѓанките и граѓаните непречено организираат и учествуваат во процесите на донесување на одлуките;
- културата и уметноста се составен дел од секојдневието на општеството;
- екологијата и заштитата на животната средина се основни критериуми за развојот.

Наведените ставови се практикуваат во неделива форма.
Член 3
Во потрага по својата визија, мисијата на ЦИВИЛ е:
- да спроведува активна едукација, промоција и одбрана на човековите права и слободи;
- да дава активен придонес кон одржлив мир и кон процесите за помирување;
- да спроведува акции за превенција од конфликти, ефективна контрола на оружјето и надминување на култот кон оружјето;
- да спроведува активна едукација, промоција и одбрана на слободата на изразување
- да дава активен придонес кон развојот на слободните и независните медиуми;
- да спроведува динамична стратегија за култура и уметност;
- да иницира или поддржува локални, национални, регионални и глобални процеси за мир и стабилизација, ненасилно решавање конфликти, човекови права и демократија преку односи со јавноста и членство во национални, регионални и меѓународни асоцијации и структури;
- да дава активен придонес кон интегрирање на екологијата во развојните стратегии на сите нивоа.

ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

Член 4

Во ЦИВИЛ, сите членови на проектните, набљудувачките и другите тимови и соработниците работат заедно во постигнувањето на нивната визија и мисија, преку континуирана и ефективна акција заснована на целосно почитување на човековите права, нивната универзалност и неделивост, како и на солидарност, еднаквост, непристрасност, демократија и взаемна почит. Секоја личност, во релација со ЦИВИЛ се согласува со неговата визија и мисија и ќе се залага за неговите основни вредности во неговиот/нејзиниот приватен и професионален живот. Универзалната декларација за човековите права се смета за составен дел на овој Статут.

МЕТОДИ

Член 5

ЦИВИЛ бара од структурите кои донесуваат одлуки на локално, национално и меѓународно ниво, од Владата, релевантните институции, меѓувладините организации, вооружени и политички групации, компании и други невладини актери, да ги отворат горливите теми во заедниците и општеството, и да работат заедно со граѓанките и граѓаните во согласност со визијата, мисијата и програмата на ЦИВИЛ.

Член 6

ЦИВИЛ темелно и непристрасно ги истражува фактите и модалитетите на различни злоупотреби во општеството и институциите и ги објавува своите наоди и ставови. Различните тела на ЦИВИЛ, членовите, поддржувачите и персоналот го мобилизираат јавниот притисок врз Владата и институциите на локално и национално ниво, да ги коригираат своите политики и практики, а злоупотребите решително да ги спречат и санкционираат.

Член 7

ЦИВИЛ влијае врз Владата, Парламентот, институциите и други центри на моќ, на локално и национално ниво, да бидат одговорни и транспарентни и да се придржуваат кон принципите на владеење на правото, демократијата и човековите права и слободи.

Член 8

ЦИВИЛ спроведува широк обем на активности во доменот на јавната свест, едукацијата, лобирањето и застапувањето.

ЦИВИЛ ги набљудува, анализира и дава препораки за политики и практики во сферата на изборите, изборното законодавство и изборните процеси.

Член 9

ЦИВИЛ ги охрабрува меѓувладините и невладините организации, поединците и сите делови на општеството да ги поддржуваат, почитуваат и работат во полза на човековите права и слободи, мирот и општеството без оружје и насилство.

Член 10

ЦИВИЛ ќе ги остварува своите цели и програмски дејности во согласност со Уставот на РМ и со овој Статут, како и со други законски норми и меѓународните стандарди кои ја регулираат материјата од оваа област.

СѢ ШТО САКАВТЕ ДА ЗНАЕТЕ ЗА ИЗБОРИТЕ

ПРИЈАВИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ
www.slobodniizbori.info
02 / 520 91 76
monitoring.civil@gmail.com

ISBN-10 **608-4815-25-1**
ISBN-13 **978-608-4815-25-9**
EAN **9786084815259**